| **26.08.2022 год.** | Планирања за свечена приредба за првачињата.<br><br>Разгледување на распоред на семинари и советувања и разгледување на промените во наставните планови и програми за учебната 2022/23 год.<br><br>Распоред на планирани отворени часови.<br><br>Разгледување на изготвените годишни, тематски планирања и дневни подготовки на наставниците.<br><br>Поделба на училниците и нивна подготовка. | Се разгледаа текстови за планирани приредби во текот на целата година.<br><br>Беа планирани и утврдени обврските и потребните ресурси за понатамошната работа на активот.<br><br>Беа разменети искуства и идеи .<br><br>Се дискутираше и беше разгледан начиот за водење на дневното планирање со употреба на нови техники. |
| **05.09.2022 год.** | Изработка на програми за дополнителна и додатна настава и план по кој ќе се изведуваат.<br><br>Разгледување на предлози и определување на чек листи за следење на постигањата на учениците.<br><br>Изготвување на план за работа и соработка со родителите. | -Дискусија за начинот на планирање, изведување и еведентирање на дополнителната и додатната настава.<br><br>-Што се однесува до изработка на чек листи за следење на постигањата на учениците се договорија да ги усогласат на ниво на одделенија.<br><br>-Наставникот ќе води своја евиденција за соработката со родителите. |
| **26.09.2022год.** | Планирање на активности по повод „Детската недела “. | - Одбележување на Детската недела под мотото „Другарствпто е дел од |

| | | |
|---|---|---|
| | Планирање на ликовни и литературни конкурси. | детската среќа“<br><br>-Свечена приредба по повод влегувањето на првачињата во “ Детската организација “<br><br>-Доделување на награди по повод литературно –ликовниот конкурс |
| **02.11. 2022год.** | Разгледување на резултатите од наставната работа во првиот класификационен период од учебната 2022/23 г.<br><br>Преземање на мерки за подобрување на успехот кај учениците | -Процентуално е забележан мал напредок во успехот кај одделенска настава за разлика од предходната година за истиот период. |
| **05.12.2022**<br><br>**19.12.2022**<br><br>**19.12.2022** | Подготовки за патрониот празник на училиштето<br><br>Подготовки за новогодишна приредба<br><br>Подготовки за Новогодишен и Божиќен хепенинг | -Во приредбата по повод патрониот празник на училиштето зедоа учество неколку ученици од одделенска настава<br><br>-Новогодишна приредба приредена од учениците од 1 одделение<br><br>-На новогодишниот и божиќен хепенинг учество зедоа учениците од одделенска настава |
| **13.01.2023** | Разгледување на резултатите од наставната работа во првото полугодие од учебната 2022/23 г.<br><br>Преземање на мерки за подобрување на успехот кај учениците | -Процентуално е забележан мал напредок во успехот кај одделенска настава за разлика од предходната година за истиот период. |
| **10.04.2023** | -Денот на екологијата<br><br>-Денот на планетата Земја | -Учество на учениците од 1-5одд и развивање на чувство за здрава и чиста животна средина |

| | | |
|---|---|---|
| **03.04.2023** | Планирање на активности по повод „Велигденскиот хепенинг“ | -Негување на културата, традицијата и обичаите на учениците |
| **08.05.2023** | Подобрување на успехот на учениците;<br><br>Анализа на работата на активот | -Успешно завршување на учебната 2022/2023год |

**Претседател на одделенски актив : Маја Милосавњевиќ**

# *ГОДИШТЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ОПШТЕСТВЕНО-ЈАЗИЧНИОТ СМЕР*

## *ООУ„Даме Груев“- Градско 2022/2023 година*

| | | |
|---|---|---|
| **Училиште** | **ООУ„Даме Груев“- Градско** | |
| **Стручен актив:** | **СТРУЧЕН АКТИВ НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ОПШТЕСТВЕНО-ЈАЗИЧНИОТ СМЕР** | |
| **ДАТУМ** | **Дневен ред:** | **Заклучок:** |
| **24.8.2022 година** | 5. Конституирање на стручниот актив за учебната 2022 / 2023 година и избор на раководител, донесување на програмата за работа на активот, поделба на обврските и задачите за работа на активот<br>6. Разговорза учебници и прирачници кои ќе се користат во текот на учебната година, користење на стручна литература, списанија и др., договор за користење на Е-дневникот;<br>7. Потребата од размена на искуства стекнати од семина-ри (семинари и вебинари); | Состанокот го започна претседателот на активот Милан Кочовски преку онлајнплатформатаZoom со отварање на точка 1 од дневниот ред - Конституирање на стручниот актив за учебната 2022 / 2023 година и избор на раководител, донесување на програмата за работа на активот, поделба на обврските и задачите за работа на активот. Се отвори дискусија за искуствата од претходната учебна година, во однос на целите од наставните програми од МОН и нивната реализација. Членовите на активот ги споделија своите искуства. Раководителот на активот побара од членовите да дадат свое размислување за раководство на активот, по што сите членови едногласно се согласија и во учебната 2022/2023 година претседател на активот да биде Кочовски Милан. Претседателот поднесе Предлог-програма за работа која беше разгледана и усвоена едногласно.<br>Што се однесува до распределбата на интерните обврски и задачи неформално беше одлучено Милан Кочовски,Лидија Каратулкова, Александар Коцев, Адис Сијамиќ и Благој Ристов да имаат улога во програмскиот дел односно при изготвување на планирањата на наставниците од овој смер, додека Елизабета Камчева, Фани Димовска-Антониевска, Оливера Стојанова , Минела Фиуљанин и Зоран Јаневски да го разработат делот за оценување на постигањата на учениците.<br>По втората точка беа разгледани учебниците и прирачниците кои ќе се користат во текот на учебната 2022 / 2023 година.<br>Се дискутираше за стручна литература, списанија и др. во печатена , но и во електронска форма кои можат да се користат како во наставниот процес, така и за професионална надградба на наставниците.Се дискутираше за употребата на на Е-дневникот. Помеѓу членовите на активот се разви дискусија за водењето на педагошката евиденција во Е-дневник и се заклучи дека навременото пополнување на истиот е неопходно за подобра |

| | | |
|---|---|---|
| | | транспарентност помеѓу наставниците и родителите.<br>По третата точка од дневниот ред беше договорено активот да одржува состаноци после секој семинар или вебинар што во иднина ќе се одржуваат во текот на учебната година со цел да се разменат искуствата стекнати на истите и можност за нивна примена во наставата.<br>Сите членови на активот се согласија од потребата за усогласување на критериумите за оценување и се констатираше дека во согласност со остварените обуки повеќе години наназад се преработуваат инструментите за оценување со цел да се постигне што поголема објективност во оценувањето а со тоа и поголема мотивираност на учениците за постигнување на нови знаења и умеења. |
| **23.9.2022 година** | 1. Разгледување распоред на семинари , вебинари и онлајн советувања (доколку се одредени термини) и разгледување на промените во наставните планови и програми за учебната 2022 / 2023 година.<br>2. Разгледување на изготвените годишни, тематски процесни планирања и на начинот за дневно плани-рање на наставниците;Интеграција на Еко и МИМО проектите во планирањата.<br>3. Подготовка на училниците (кабинетите) за почеток на учебната година.<br>4. Обука за планирање и реализација на наставната програма по Македонски јазик за учениците од другите заедници за IV и V одделение. | Состанок се одржа онлајн преку апликацијата Zoom.Претседателот на активот Милан Кочовски го започна состанокот со отварање на точка 1 од дневниот ред - Извештаи од одржани вебинари и онлајн советувања и разгледување на промените во наставните планови и програми за учебната 2020/2021 година. Со оглед на тоа што семинарите и вебинарите за оваа учебна година претстојат наставниците беа задолжени да изготват писмени извештаи од нив со кои ќе го запознаат активот со текот и целта на вебинарот на кој присуствувале.<br>По втората точка беа разгледани изготвените годишни и тематски-процесни планирања по предмети. Беа разменети идеи и искуства. Беше разгледан начинот за изготвување дневно планирање на наставниците по предмети од овој актив по што следеше конструктивна дискусија.Акцентот беше ставен на интеграцијата на Еко и МИО проектите во планирањата. Се констатираше дека интеграцијата на МИО проектот во наставните програми на наставниците од овој актив е застапена и истата треба да го одржи континуитетот со активности поврзани со проектот.<br>По третата точка за подготовка на училниците (кабинетите) за почеток на учебната година се дискутираше за фактот дека во нашето училиште сеуште не постојат реални услови за реализација на кабинетска настава.Како доказ за тоа беа споделени искуствата од направениот обид за воведување кабинетска настава по јазичната група предмети кој поради проблемите со просторните услови се покажа како непрактичен. Се одлучи да се дискутира за просторните услови со директорот на училиштето.<br>На 21.9.2022 година наставникот по македонски јазик Александар |

| | | |
|---|---|---|
| | | Коцев присуствуваше на он-лајн обука за планирање и реализација на наставната програма по Македонски јазик за учениците од другите заедници за IV и V одделение.Тој ги запозна членовите на стручниот актив со клучните цели од кои ги издвои следниве:<br><br>➢ Поттикнување на наставниците да користат современи методи и техники во наставата и учењето;<br>➢ користење дигитални содржини, информации, податоци во наставата и учењето;<br>➢ организирање и реализирање на наставата за да се поттикне поголем интерес кај учениците, критичко размислување и учење со рабирање. |
| **26.10.2022 година** | 1. Изработка на програми за дополнителна настава и план по кој ќе се реализираат часовите;<br>2. Изработка на програми за додатна настава и план по кој ќе се реализираат часовите;<br>3. Консултации за формирање на слободните ученички активности и динамиката на нивното одвивање;<br>4. Снабденост на учениците со учебници;<br>5. Методологија за младите ученици по англиски јазик – семинар | Состанокот го започна претседателот на активот Милан Кочовски со отварање на точка 1 од дневниот ред - Изработка на програми за дополнителна настава и план по кој ќе се реализираат часовите и точка 2- Изработка на програми за додатна настава и план по кој ќе се реализираат часовите.<br><br>Се отвори дискусија за начинот на планирање на дополнителната настава, новиот начин на евидентирање во дневник,за водење на педагошка документација за дополнителната наставакако и за начинот на изведување. Имаше многу нејасни прашања кои претседателот на активот се заложи да ги расчисти на ниво на сите активи. Членовите на активот ги споделија своите искуства и сознанија на оваа тема.<br><br>Се дискутираше и за додатната настава. Раководителот на активот побара од членовите да дадат свое размислување за начинот на планирање и реализација на додатна настава. Членовите на активот ги споделија своите искуства и сознанија на оваа тема.И за реализацијата на оваа настава имаше повеќе нејасни прашања за кои претседателот на активот се обврза да разговара на ниво на сите активи.<br><br>По третата точка се дискутираше за формирање на слободните ученички активности и динамиката и начинот на нивното реализирање. И за оваа тема имаше многу нејасни прашања.Членовите на активот исто така ги споделија своите видувања , искуства и сознанија на оваа тема. Беше прочитан и Законот за основно образование и измените кои се однесуваат на оваа проблематика.<br><br>Членовите на овој актив негативно се произнесоа за снабденоста на учениците со учебници.Тие го изразија своето незадоволство од недостатокот на учебници за повеќе предмети што секако ја усложнува работата и го попречува квалитетното реализирање на наставните содржини. Членовите на овој актив се надеваат дека овој проблем ќе се |

| | | |
|---|---|---|
| | | надмине во најскоро време.<br><br>Што се однесува до распределбата на интерните обврски и задачи неформално беше одлучено сите да си изготват програма за вонnаставни активности.<br>На 20.10.2022 година наставниците по англиски јазик присуствуваа на он-лајн семинар на тема „ Методологија за младите ученици по англиски јазик".Тие ги споделија своите искуства и сознанија на оваа тема од одржаниот семинар со останатите членови од активот. |
| **23.11.2022 година** | 1. Разгледување на резултатите од наставната работа за првиот класификационен период по предметите: македонски јазик, француски јазик, англиски јазик, историја , етика и етика во религиите.<br>2. Организациона подготовка за учество во одбележувањето на Денот на општина Градско и Патрониот празник на училиштето како и други потреби на училиштето и општината;<br>3. Извештаи од одржаните семинари и обуки и пренесување сознанија, разработка на одделни прашања;<br>4. Анализа на одржаниот отворен час по македонски јазик. | На 23.11.2022 година (среда),преку апликацијата Zoomce одржа онлајн состанок на стручниот актив по опшествено-јазичниот смер.Состанокот го започна претседателот на активот Милан Кочовски со отварање на првата точка од дневниот ред. Процентуално е забележан подобар успех по овие предмети за разлика од успехот во првото тримесечје во минатата година. Констатирана е и евидентна адаптација на учениците од шесто одделение кои на почетокот покажаа послаба интеракција и резултати. На овој состанок е договорена изработка и примена на микро-тестови по француски јазик со цел да се објективизира критериумот на оценување како и да се постигне стимулирање на учениците во наставата.<br><br>Стручниот актив одржа состанок на кој беа анализирани резултатите од тековните подготовки за одбележување на двете манифестации и заеднички се заклучи дека подготовките се одвиваат во најдобар ред. Јазичната група на нашиот актив, односно наставниците по македонски јазик активно се вклучија во подготовката на програмата за одбележување на денот на општината и патрониот празник на училиштето. Се одржуваат редовни проби на драмската и рецитаторската секција.<br>По третата точка следеа извештаи од одржаните семинари, пренесување сознанија и позитивни искуства применливи во наставата како и разработка на одделни прашања. На ден 3.11.2022год. и 4.11.2022год. во нашето училиште е проследена првата дводневна обука од Програма 12 "Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата". Акредитираната обуката е во организација на Министетството за образование и наука и Бирото за развој на образованието и е реализирана од страна на Акредитираниот провајдер Академија ЦЕС (Прва академија за возрасни). Обуката ја реализираше обучувачот г-ѓа Билјана Тодороска.<br>Во согласност со утврдениот план на работа за месец ноември на Општествено-јазичниот стручен актив при ООУ„Даме Груев" Градско на ден 4.11.2022година (петок), беше набљудуван часот по предметот македонски јазик – наставна единица „ Нелични глаголски форми:глаголска именка,глаголски прилог и глаголска придавка". Овој час беше одржан во VIIIа одделение.На истиот присуствуваа повеќе предметни наставници кои беа запознати со темата преку разговорот |

| | | |
|---|---|---|
| | | помеѓу наставникот и учениците. Заинтересираноста на учениците беше голема. Се стремеа да постигнат повисоки резултати, раководејќи се од бодовната листа и од чек листата за самооценување. |
| **07.12.2022 година** | 1. Согледување на потребите од дополнителналитерату-ра и нагледни средства;<br>2. Застапеноста на корелацијата меѓу наставнитесодржи-ни и наставните предмети,<br>3. Организирањенаниза активностипоповод Денотна општинаГрадско и Патрониот празникнаучилиштето(МИО);<br>4. Анализанаредовностаи активностанаучениците во наставатаи вонннаставните активности;<br>5. Активностизауредувањена ентериеротнаучилиштетопо поводновогодишнитепразници (МИО); | Состанокот го започна претседателот на активот Милан Кочовски со отварање на точка 1 од дневниот ред на тема ,, Согледување на потребите од дополнителна литература и нагледни средства". Тука се анализираше искористеноста на наставните и нагледните средства за реализација на наставната програма. Општ беше заклучокот дека постоечките нагледни средства не можат во целост да одговорат на современите барања за целосно реализирање на наставните цели и задачи предвидени со годишните глобални планирања и тематските-процесни планирања. Посебно е изразен проблемот со недоволната екипираност на училиштето со аудио-визуелни нагледни средства за изучување на странските јазици.<br>Разгледана беше и корелацијата меѓу наставните содржини и наставните предмети. Конкретно, беше разгледана граматичката содржина на македонскиот, англискиот и францускиот јазик и беше направена паралела на истата. Констатирано е дека еден дел од граматичките содржини се неправилно поставени и не можат взаемно да се надополнуваат без да претставуваат потешкотии за учениците.<br>Во третата точка на овој состанок се разгледаа активностите во пресрет на патрониот празник на училиштето и ангажираноста на наставниците по македонски јазик во реализирањето на истите. Стручниот актив на состанокот ги анализираше резултатите од тековните подготовки и активности за одбележување на двете манифестации и заеднички се донесе заклучок дека подготовките се одвиваат според предвидената динамика. Се одржуваат редовни проби на драмската и рецитаторската секција кои ќе се претстават со своите активности на свечените приредби за Денот на општината и за Патрониот празник на училиштето. Во овие активности учество имаат ученици од сите етнички групации.<br>Се направи анализа на редовноста и активноста на учениците во наставата и вонннаставните активности и се заклучи дека истата задоволува и дава резултати. Забележана е поголема активност на учениците од сите етнички групации во рамките на вонннаставните активности во пресрет на новогодишните празници за украсување на училниците, а посебно за украсување и уредување на холот на училиштето. |
| **25.1.2023 година** | 1. Разгледување на резултатите од наставната работа за прvиот класификационен период по предметите: македонски јазик, француски јазик, англиски јазик, историја ,етика и етика во религиите.<br>2. Анализа на полугодишниот успех по предмети и споредување со | На ден 25.1.2023 година (среда), Стручниот актив на општествено-јазичниот смер одржа состанок со цел да се направи анализа на полугодишниот успех по предмети и споредување со успехот од првото полугодие од учебната 2021 / 2022 година. Процентуално е забележан подобар успех по овие предмети за разлика од успехот во првото тримесечје. Констатирана е и евидентна адаптација на учениците од |

| | | |
|---|---|---|
| | успехот од првото полугодие од учебната 2021/ 2022 година;<br>3. Сумирање на реализираните активности од полугодишниот период;<br>4. Реализација на наставните содржини за изминатиот период од учебната 2022 / 2023 година; | шесто одделение кои во првиот класификационен период покажаа послаби резултати. Реализација на часовите и наставните програми е целосна. Беше заклучено дека е потребно да се направат дополнителни напори и залагања за да се одржи континуитетот на подобрување на успехот на учениците по предметите: македонски јазик, француски јазик, англиски јазик, историја ,етика и етика во религиите.<br>Сесумираа реализираните активности од првото полугодие од учебната 2022 / 2023 година кое резултираше со успех, задоволство но и со стремеж за постигнување поголем успех во наредните активности кои следат.<br>➢ Учество на литературен конкурс по повод Месецот на книгата на тема „ Мир во светот “ кој традиционално се одбележа во периодот од 10.10.2022 до 10.11.2022 год. На 25.11.2022 година се одржа доделување на наградените ученици од литературниот конкурс по повод манифестацијата за Месец на книгата. На пригодната програма присуствуваше Панче Коцев, наш ученик, надежен писател, кој сега скоро ја издаде неговата прва книга. Тој им упати честитки на наградените ученици и дополнително со краток говор ги мотивираше учениците, да не застануваат овде, да продолжат храбо да чекорат по патот кон успехот.<br>Исто така по повод Месецот на книгата а под мотото „Да ја негуваме љубовта кон книгата секој ден“ библиотечниот фонд во библиотеката на нашето училиште се збогати со150 нови лектирни изданија за учениците од II до IX одделение.<br>➢ По повод патрониот празник на нашето училиште на 23.12.2020 год., кој е посветен на македонскиот великан Даме Груев, наставниците по македонски јазик Лидија Каратулкова и Александар Коцев со ученици од нашето училиште земаа учество во одбележувањето на овај значаен ден со низа активности од драмската и рецитаторската секција.Учениците одржаа и литературно читање за животот и делото на Даме Груев.<br>Наставниот план и програма кои се однесуваат на периодот септември-декември се реализирани во целост. Наставниците од овој актив земаа активно учество во планирање и реализирање на активностите предвидени за првото полугодие.Остварена е соработка со членовите на другите активи,и активно се работи на меѓупредметното поврзување и развивање меѓупредметни компетенции кај учениците. |
| **22. 2.2023година** | 1. Стручна тема ,,Дистантно учење (Учење на далечина), како дел од применетите техники за учење и подучување -излагач Милан Кочовски –наставник по Француски јазик<br>2. Дискусија за изложената тема | Во текот на излагањето на наставникотМилан Кочовски беше потенцирана важноста и начините на учење и подучување на учениците во текот на целата учебна година, преку примена на различни видови техники. Имено, конкретно беа истакнати многубројните начини на подучување, со посебен акцент на техниката ,,Дистантно учење,, се со цел да се зголемат знаењата на ученикот, и |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставната содржина да се претстави на поинаков начин.<br><br>За време на дискусијата беше истакнато дека секој наставник по својот предмет применува слични или исти техники на учење и подучување и се потенцираше важноста на истите за постигнување на подобри постигнувањата во текот на годината и на крајот на истата. Секој наставник дискутираше за својот предмет повикувајќи се на излагањето што претходеше.Беше донесен заклучок дека потребата од дистантно учење, особено користење на информатичката технологија , е неизоставен дел од секојдневното работење на секој наставник и истото треба редовно да се применува со цел да се оди понапред и во согласност со напредувањата на полето на воспитно-образовниот процес, и избегнување на веќе застарените постапки и методи на подучување. |
| **10. 3.2023 година** | 1. Договор за оганизацијата на училишни натпревари по предмети и Анализа на работата на СУА;<br>2. Предавање - Лектирата во предметната настава – Лидија Каратулкова;<br>3. Анализа на одржаните отворени часови по предмети; | Состанокот го започна претседателот на активот Милан Кочовски со отварање на точка 1 од дневниот ред. Следеше договор за оганизацијата на училишните натпревари по предмети и беше изготвен и усвоен Правилникза организирање и спроведување на училишниот натпревар по македонски / француски / англиски јазик за учениците во ООУ,,Даме Груев,, Градско. По истата точка беше направена анализа на работата на СУА по предметите од овој актив.<br>Следеше предавањето на тема – Лектирата во предметната настава реализирано од наставникот по македонски јазик Лидија Каратулкова.<br>Дискусија за отворените часови во поглед на критериумите за изведба на отворен час. Присутните ја констатираа исполнетоста на сите критериуми, валидни за успешна работа на наставниците и покажаа задоволство од изведбата на часовите во поглед на постигнатоста на целите и очекуваните резултати, предзнаењата на учениците, нивната мотивираност за индивидуална работа, но и за групна работа, стремежот да постигнат повисоки резултати , раководејќи се од бодовните листи , чек листите и самооценувањето. |
| **10.4.2023 година** | 1. Одбележување на Денот на шегата 1 април со маскенбал и дефиле низ општината;<br>2. Разгледување на резултатите од наставната работа и разгледување на успехот од третото тримесечје по предмети и предлози за подобрување на успехот по предметите: македонски јазик, француски јазик, англиски јазик, историја , етика и етика во религиите;<br>3. Анализа на одржаните отворени часови по предмети;<br>4. Анализа на интеграцијата на Еко и МИМО проектите во наставата;<br>5. Сумирање на резултатите од училишните натпревари; | Состанокот го започна претседателот на активот Милан Кочовски преку онлајнплатформатаZoom. На состанок на стручниот актив се разговараше за одбележувањето на Денот на шегата 1 април со маскенбал и дефиле низ општината. За таа цел се изработија маски и се договараа активности кои ќе придонесат за забава на учениците.За веселата атмосфера исполнета со многу смеа, песна и детски џагор беше задолжен и нашиот познат шоумен Марко Новески како и дечките од Funimation Entertainment нивните креативни игри и перформаси.<br><br>По втората точка разгледан беше успехот на учениците по овие наставни предмети за третиот класификационен период и беше констатирано подобрување во споредба со успехот во претходниот класификационен период.<br><br>Потоа се поведе конструктивна дискусија за отворените часови во |

| | | |
|---|---|---|
| | | поглед на критериумите за изведба на отворен час. Присутните ја констатираа исполнетоста на сите критериуми, валидни за успешна работа на наставниците и покажаа задоволство од изведбата на часовите во поглед на постигнатоста на целите и очекуваните резултати, предзнаењата на учениците, нивната мотивираност за работа и стремежот да постигнат повисоки резултати.<br>По последната точка беше направена анализа на интеграцијатана Еко и МИМО проектите во наставата. Беше констатирано дека истата се спроведува според однапред испланираната динамика.<br>Реализирани беа училишни натпревари по македонски јазик, англиски јазик, француски јазик и историја. Избрани беа ученици кои освоија најверќе поени и кои ќе го претставуваат училиштето понатаму на регионалните натпревари. |
| **15.5.2023 година** | 1. Анализа на искористеноста и состојбата на наставните и нагледните средства;<br>2. Разгледување на резултати од одржаните регионални и државни натпревари;<br>3. Подготовки за оформување на годишниот успех на учениците - предлози и мерки за интензивирање на работата за подобрување на успехот;<br>4. Анализа на постигнатите резултати во сите форми на наставна и вонаставна работа;<br>5. Анализа на динамиката на реализација на наставната програма по предмети;<br>6. Активности за професионална ориентација на деветтоодделенците;<br>7. Сумирање на реализираните активности во второто полугодие; | Констатиранае рационална искористеност на наставните и нагледните средства.<br>Комплетни информации за успехот на натпреварите кои веќе се одржаа.Највисоки резултати учениците постигнаа на натпреварите по англиски јазик.Со освоено прво место не регионалниот натпревар ученикот Иван Трендафилов се стекна со право на учество на државниот натпревар на кој доби пофалница.<br>Да се интензивира работата на часовите со цел да се подобри успехот на учениците.<br>Беше направена анализа на динамиката на реализација на наставната програма и вонаставните активности по предметите од овој актив.<br>Активности за професионална ориентација на деветтоодделенците и анализа на резултатите добиени од анкетирањето на учениците.Реализирани презентации од претставници на повеќе училиштата за средно образование со цел да им се доближат програмските содржини и наставните смерови на учениците.Учениците покажаа голема заинтересираност за овие активности.<br>Сесумираа реализираните активности од второто полугодие од учебната 2022 / 2023 година кое резултираше со успех, задоволство но и со стремеж за постигнувањеуште поголеми успеси. |
| **26.6.2023 година** | 1. Анализа на успехот по предмети на крајот од учебната година, споредување со успехот од прво полугодие;<br>2. Анализана реализацијатанапланиранитесодржи-нии изготвување Годишен извештај за работата на стручниотактив;<br>3. Анализанапостигнатите резултатиинивносумирање; | Состанокот го започна претседателот на активот Милан Кочовски преку онлајнплатформатаZoom.<br>По направената анализа на успехот на учениците според статистичките показатели се утврди дека успехот е подобрен со што аналогно на тоа се констатираше дека основната цел од реализацијата на наставните содржини во оваа учебна година е постигната. Реализацијата на наставните содржини предвидени со наставниот план и програма е |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосна.<br><br>Овој актив во текот на учебната 2022/2023 година има одржано 11 состаноци. Според Годишната програма реализирани се сите планирани содржини. Разгледани се наставните програми за редовна настава, дополнителна и додатна настава како и содржините од вонnаставните активности. Реализацијата на планираните содржини за оваа учебна година е целосна.По секој класификационен период се правеше анализа на успехот по предметите од општествено- јазичниот смер.<br><br>Вооваaучебна2022/23годинанашиот стручена ктив имашеучествона повеќеопштински,регионални и државни натпревари на кои се постигнати завидни резултати кои придонесоа за афирмацијананашетоучилиште. |

**Претседател  на Стручен актив - Кочовски Милан**

П- 8

# ООУ „Даме Груев”– Градско

**учебна 2022/2023 година**

## ***<u>Годишен извештај од програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди</u>***

**датум : јуни 2023г. В.д. директор:**
**Карилина Кирова**

| Програмска активност | Време на реализација | Реализација |
| --- | --- | --- |
| Донесување и усвојување на програмата за заштита и спасување од елеме-нтарни непогоди, приро-дни катастрофи и незгоди | 08/2022 | Тимот за заштита и спасување се состана и ја изготви програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди со активностите кои треба да се реализираат во текот на учебната 2022/2023 година. |
| Предавање на врабо-тените за активностите на тимовите | 09/2022 | Вработените во ООУ Даме Груев Градско се запознаа со законската регулатива, задолженија и методологијата на делување во училиштето од областа на превенти-вната заштита во текот на целата година по однапред утврден план и распоред согласно Годишната програма. |
| Намалување на ризикот од повреда од училишниот инвентар | 10/2022 | Со цел да се намали ризикот од повреда при превртување на полиците витрини, шкафови, скелиња и други нестабилни конструкции во случај на земјотрес дома-ќинот, хаус мајсторот и хигиеничарите во училиштетоизвршија активности и мерки за прицврстување и зголемување на стабилноста на инвентарот во училиштето. |
| Тестирање на ѕвоно, аларм за евакуација | 10/2022 | Се изврши демонстрација за препознавање на знаците за тревожење и брза реакција во случај на елементарна непогода.<br>Знак за опасност од елементарни природни непогоди и други несреќи се емитува со вклучување на сирените од системите за тревожење(ѕвончето) во траење од 60 (шеесет) секунди, во комбинација на два еднолични тона по 20 (дваесет) секунди и еден завивачки тон од 20 (дваесет) секунди помеѓу првиот и вториот едноличен тон<br>Знак за престанок на опасноста се емитува при престанок на ризикот и опасноста со вклучување на сирените(ѕвончето) од системите за тревожење со едноличен тон во траење од 60 секунди. |
| Посета од ЦУК | 02/2023 | Се изврши инспекција од страна на лица од Центарот за управување со криза при што беше констатирано дека нашето училиште во оваа област целосно ја извршува обврската и документацијата е според нивните стандарди. |
| Симулационавежбавослучајнаелементарнанепогодаземјотрес. | 05/2023 | Со цел увежбување на вработените и учениците за правилна постапка во услови на загрозеност од елементарна непогода (земјотрес) во училиштето реализиравме симулација на земјотрес. |

# П- 9 Извештај од работата и активностите на хорот и оркестарот при ООУ „Даме Груев“- Градско

Хорот и оркестарот при училиштето во учебната 2022/2023 година, работеа континуирано и учествуваа за потребите на училиштето (патронен празник, Велигден и сл.) Градско.

**- Патронен празник на „ООУ Даме Груев“ - Градско**

**-Одбележување на христијанскиот празник Велигден**

| | |
|---|---|
| Датум: | 23.12.2022 г.<br>13.04.2023 г. |
| Место: | „Крсте Петков Мисирков“-Градско |
| Организатор: | ООУ„Даме Груев“-Градско |
| Учесници: | Хорот и учесници од сите одделенија при ООУ„Даме Груев“-Градско |
| Наставници<br>Ментори: | -Лидија Гајдова-Трајановска - наставник по музичко образование |
| Цели: | • Социјализација на учениците<br>• Развивање на љубов и интерес кај учениците за колетивно музицирање<br>• Да се развива колективен интелектуално –емоционален однос кон интерпретацијата на музички композиции<br>• Да допринесува вештина за стекнување и зајакнување на самодовербата кај учениците<br>• Збогатување на културно-забавниот живот во училиштето каде се потврдува дека музиката не познава ни граници ни предрасуди<br>• Дружење наставници и ученици |

| | |
|---|---|
| Опис на активности: | 23.12.2022 е денот кога празнува нашето училиште „Даме Груев“. По традиција учествуваме со свечена програма која ја отворивме со хорот исполнувајќи ја  Химната за училиштето напишана специјално за нашето училиште од наставничката по музичко образование- Лидија Гајдова Трајановска. Потоа следеше извадок од „Чорбаџи Теодос“  каде учениците мошне интересно и успешно ги доловија ликовите со своето драматизирање.<br>Песната „Штом ноќта помине“ од Г.Арнаудовски во придружба на хармоника од нашиот ученик Перески Александар, хорот на нашето училиште емотивно ја пренесе на публиката.<br>Се пренесе радост, многу насмевки, желба за среќна и успешна нова година. Сценографијата беше прекрасно направена со вредните раце на наставникот Сашко Арсовски и учениците.<br>Програмата  заврши во весело новогодишно расположение со желба за повторна средба каде ќе се дружиме и славиме нови успеси и достигнувања.<br>13.04.2023 - ден кога го одбележувавме најголемиот христијански празник Велигден со разни активности, песни, игри, базар со порака - Значењето на најголемата жртва на Исус Христос што ја дал за човештвото. Се пееше песната „На Велигденсум се заљубил“ препеана од Ламбе Алабаковски. Учениците со ДМУ - дрвени стапчиња и триангли се придружуваа додека ја пееја песната. Во позадина одеше спотот со текст од песната така што имаше прекрасна атмосфера потполнета со црвена боја во облеката на учениците. Сите да сме живи и здрави и уште долги години да го славиме празникот Велигден.<br>Прилог: слики |











Изработил: наставник

Лидија Гајдова Трајановска

# П-10 Извештај за реализација на годишната програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници

| Тема/ Наслов | Активности и формизапрофесионаленразвој | Виднапрофесионаленразвој | Учесници | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Планирање и реализација на наставната програма по Македонски јазик за учениците од другите заедници за IV и V одделение | Обука | Онлајн | Предметниот наставник Александар Коцев | 21.9.2022 |
| Методологија за младите ученици по англиски јазик | Семинар | Онлајн | Наставници по англиски јазик | 20.10.2022 |
| Примена на иновативни интерактивни пристапи во програмата | Обука | Интерна | Сите наставници | 3-4.11.2022 |
| Развој на социјални вештинии самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на социо-емоционална клима на час | Обука | Екстерна | Педагог и психолог | 2.12.2022 |
| Изготвување на ИОП и модифицирање програма | Обука | Екстерна | Педагог и психолог | 5.12.2022<br>7.12.2023 |
| Обука за спроведување на ТИМСС тстирање | Обука | Екстерна | Педагог и психолог | 17.01.2023 |
| Изготвување на ИОП и модифицирање програма | Обука | Ексетрна | Педагог и психолог | 31.01.2023 |
| Иден развој на наставници по англиски јазик | Семинар | Он-лајн | Предметен наставник Елизабета Камчева | Од јанари до март 2023 |
| Еразмус + | Обука | Екстерна | Директор и предметен наставник Фани | 17-19.2. 2023 |
| Медиумска писменост – Младите размислуваат | Обука | Он-лајн | Директор | 15.2.2023 |
| Обука за училиштен одбор | Обука | Он-лајн | 2 наставници | 7.6.2023 |
| Обука за новата наставна програма по англиски јазик во | Обука | Он-лајн | 3 наставници | 27.6.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| шесто одделение | | | | |
| Обука за новата наставна програма по македонски јазик во шесто одделение | Обука | Он-лајн | 2 наставници | 27.6.2023 |
| Инклузивно образование во пракса | Обука | Екстерна | Педагог и психолог | 30.6.2023 |
| Обука за новата наставна програма по математика во шесто одделение | Обука | Он-лајн | 2 наставници | 3.7.2023 |
| Обука за новата наставна програма по природни науки во шесто одделение | Обука | Он-лајн | 3 наставници | 27.6.2023 |
| Обука за новата наставна програма по историја и општество во шесто одделение | Обука | Он-лајн | 3 наставници | 3.7.2023 |
| Обука за новата наставна програма по техничко образование и информатика во шесто одделение | Семинар | Он-лајн | 1 наставник | 4.7.2023 |
| Обука за новата наставна програма по музичко образование во шесто одделение | Обука | Он-лајн | 1 наставник | 28.6.2023 |
| Обука за новата наставна програма по ликовно образование во шесто одделение | Обука | Он-лајн | 1 наставник | 4.7.2023 |
| Обука за новата наставна програма по физичко и здравствено образование во шесто одделение | Обука | Он-лајн | 3 наставници | 3.7.2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обука за новата наставна програма по француски јазик во шесто одделение | Обука | Он-лајн | 1 наставник | 20.6.2023 |
| Справување со врсничко насилство и кибернасилство | Обука | Интерна (во училиштето) | Наставници по предметна и одделенска настава | 22.6.2023 |
| Учење преку истражување, работа на проекти и решавање на проблеми | Обука | Интерна (во училиштето) | Наставници по предметна и одделенска настава | 21-22.6.2023 |
| Разрешување конфликти со учениците и  меѓу учениците | Обука | Интерна (во училиштето) | Наставници по предметна и одделенска настава | 23.8.2023 |

**Тим за професионален развој: Елизабета Камчева**

## П – 11Извештај за општествено хуманитарна работа со ученици

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатори | Целна група | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Уредување и украсување на спортската сала во училиштето по повод приемот на првачињата и почетокот на учебната година | Септември2022 | Одговорни наставници и ученици | Ученици, родители, гости | Пријатна атмосфера и позитивни чувства на првиот училишен ден |
| Ликовни работилници по повод Детската недела под мотото „ Другарството е дел од детската среќа“ | Октомври 2022 | Одговорни наставници и ученици | Ученици | Развивање на креативноста на учениците |
| Хуманитарна акција по повод Патрониот празник (собирање на средства за хигиена и прехрамбени производи) кои потоа ги дониравме на социјално загрозени семејства. | Декември 2022 | Одговорни наставници и ученици | Ученици | Развивање на хуманоста кај учениците |

# П-12 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШНАТА ЗАЕДНИЦА-УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ ВО УЧЕБНАТА 2022 / 2023 ГОДИНА

| Активности (содржина) | Време | Реализатор | Очекуваниефекти |
|---|---|---|---|
| 1.Конституирање на Ученичкиот Парламент за учебната 2022/2023 година.<br>2.Избор на претседтаелство.<br>3. Информирање на учениците членови на Ученичкиот Парламент за годишната програма на Ученичкиот Парламент. 4.Информирање на учениците за објавувањето на оглас за избор на Ученички правобранител.<br>5.Разно.. | 12.10.2022 | Стручни соработници<br>ученици | -Конституирање на ученичкиот парламент.<br>-Избор на претседателство на Ученичкиот парламент.<br>-Информирање на членовите од Ученичкиот парламент за годишната програма за работа на парламентот. |
| 1.Давање свои мислења и предлози за начинот на облекување на учениците и сите вработени во училиштето.<br>2. Дискусија со директорот и психологот на училиштето за секој од предлозите.<br>3. Разно... | 17.10.2022 | Директор<br>Стручни соработници<br>ученици | - Почитување на кодексот на облекување во училиштето. |
| 1. Дискусии околу организација на хуманитарна акција | 11.2022 | Директор<br>Стручни соработници<br>ученици | Развивање на хуманоста кај учениците. Поттикнување за меѓусебно омагање |
| 1.Информирање на учениците членови на Ученичкиот парламент за предвидените активности за Патрониот празник на училиштето предвидени за месец Декември во програмата на училишната заедница.<br>2. Давање предлози од страна на учениците членови на Ученичкиот парламент.<br>3.Дискусија за предлозите на учениците членови на Ученичкиот парламент.<br>4. Разно... | 09.12.2022 | Директор<br>Стручни соработници<br>ученици | - Вклученост на учениците во активностите по повод на Патрониот празник на училиштето. |
| 1. Запознавање на учениците со активноста која беше предложена по поводо Патрониот празник на училиштето од Ученичкиот парламент.<br>2. Разно... | 13.12.2022 | Стручни соработници<br>ученици | - Вклученост на учениците во активностите по повод на Патрониот празник на училиштето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Избор на најчиста училница во училиштето<br><br>2.Како да им помогнеме на другарчињата во учењето | 03.03.2023 | Стручни соработници<br><br>ученици | -Уредни и функционални училници и развивање на поголема свест за хигиената во училиштето и поголема сплотеност кај учениците. |
| 1.Извештај за работа на ученичкиот парламент<br><br>3.Донесување на предлог програма за наредната учебна година | 16.05.2023 | Стручни соработници<br><br>ученици | Вклученост,следењеи учествоворaботатанаучилиштето |

Одговорни наставници – Александар Коцев, Зоран Јаневски

# П – 13 Годишен извештај од соработка со локалната средина

## учебна 2022/2023 година

| Програмска активност | Време на реализација | Реализација |
|---|---|---|
| Усвојување на годи-шната програма на училиштето од страна на советот на општина Градско. | август | Во месец август на советот на општина Градско и беше презентирана годишната програма за работата на ООУ “Даме Груев” Градско,која воедно и беше усвоена од советот.Програмата ја презентираше директорката на училиштето. |
| Прием на првачиња | септември | Приемот на првачиња се одржа во спортска сала за учениците од централното училиште со одделенски раководител Барбара Најдова<br>За учениците од кочилари со одделенски раководител Халил Алили.<br>На приемот присуствуваа претставници од локалната самоуправа заедно со градоначалникот Киро Нацков. |
| Денот на општината | 16 декември | По повод денот на општината Градско на 16 декември локалната самоуправа организираше Базар на кој учествуваше и нашето училиште со сопствен штанд. |
| Новогодишенбазар | 23 декември | По повод патрониот празник на ООУ "ДамеГруев" се организирашебазарна кој беаизложенирачнитеизработкинаучениците (подменторствонаодделенскитенаставници) коиграѓанитеодопштинаГрадскоимааможностдагикупатпосимболичницени. |
| Детскапретстава "СветотнаБиби | 26 декември | НаиницијативанаопштинаГрадсковосоработкасоООУ "ДамеГруев" се одржа предновогодишназабаванајомиленатадетскапретстава "СветотнаБиби" |
| Детскановогодишнапретстава "Зизикукумјаумјау | 29 декември | На претставата присуствуваа децата од цела општина |
| Новогодишни пакетчиња за првачиња | декември | По повод Нова Година , Градоначалникот на општина Градско Киро Нацков ги израдува првачињата со подарување на новогодишни пакетчиња. |
| 1 Април-Ден на шегата | април | По повод денот на шегата во училштето се одржа манифестација на која сите одделенија учествуваа со креативни маски.Манифестацијата беше подржана и помогната од општина Градско. |
| Велигденски хепенинг | април | По повод најголемиотХристијанскипразникВелигден нашето училиште во соработка со општината изготви пригоднапрограмаитрадиционален "ХуманитаренВелигденскибазар" |

## П-14 ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023

Іодд.

5.09.2022 Разговор-Одржување на личната хигиена и хигиената во училиштето

14.09.2021Разговор-Хигиена за време на исхраната кај учениците

03.10.2022 Разговор –Одржување на личната хигиена на ноктите

03.10.2022 Организирање годишно осигурување на учениците

01.11.2022Вакцинирање на учениците родени во 2015 година со вакцината ДиТе ПОЛИО

07.11.2022Разговор-Лична хигиена

16.11.2022Разговор-Како полесно да заздравиме од сипаници

30.11.2022Преглед на вошливост кај учениците

05.12.2022Одржување на хигиената на нашата училница

II одд.

05.09.2022 Разговор-Одржување на личната хигиена и хигиената на училиштето

29.09.2022Организирање годишно осигурување на учениците

06.10.2022 Преглед на вошливост кај учениците

20.10.2022 Разговор за хигиената на рацете за време на исхраната на учениците во кујна заради нивна лична заштита

01.11.2022 Вакцинирање на учениците родени во 2015 година со вакцината ДиТе ПОЛИО

29.11.2022Разговор за лична хигиена

06.12.2022 Разговор –Како полесно да заздравиме од сипаница

IIIодд.

19.09.2022 Разговор -Прегледување на учениците од вошливост

25.10.2022Редовен систематски преглед за учениците од 3 одд

21.11.2022Разговор за грижа за здравјето на учениците од вируси и сипаници

IV одд.

26.09.2022Разговор за одржување на лична хигиена

17.10.2022 Разговор чистиот воздух,услов за добро здравје

07.11.2022Разговор за значењето на витемините во исхраната

02.12.2022 Разгово како побрзо да закрепнеме по заразната сипаница

15.12.2022Да се заштитиме од грипот-разговор

Vодд.

05.12.2022 Систематски преглед на учениците

09.12.2022 Стоматолошки систематски преглед

VI одд.

///////////////////

VII одд.

19.09.2022Разговор за исхраната во и надвор од училиштето

26.09.2022 Разговор за здрава исхрана и подобро здравје

17.10.2022 Разговор за социјалните медиуми и нивното влијание врз младите

